# THE EDUCATIONAL INSTITUTIONS IN VARDAR MACEDONIA BETWEEN THE TWO WORLD WARS

**Verica Josimovska**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
verica.josimovska@ugd.edu.mk

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Vladimir D. Mihajlovic
University of Belgrade
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract

The article aims to show the different degrees of education in Vardar Macedonia within the Kingdom of SHS/Yugoslavia. The high percentage of illiteracy in this part of the Kingdom has been a challenge for the authorities in organizing the education system where assimilation policies will be implemented, and future generations raised in the Serbian spirit and Serbian culture will be built. An overview of the different types of school institutions and the problems they faced were given.

**Keywords:** Vardar Macedonia, education, gymnasiums, vocational schools.

**Theme/s:** Social History, History of Macedonia, History of Education.

**Проф. д-р Верица Јосимовска**

## ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

По Завршувањето на Првата светска војна и Парисската конференциија големите сили ја креираат новата политичка слика на Европа. За Македонија значи потврдување на одлуките од Букурештkиот мир, поделена меѓу балканските држави. Во новосоздадената држава Кралството на СХС влегува вардарскиот дел кој за новата власт бил третиран како дел од Јужна Србија, а подоцна со промената на името во Кралство Југославија од 1929 год. , овој дел дел бил наречен Вардарска Бановина. Македонскиот народ бил подложен на жестока асимилатроска и денационализатрорска политика, без никакви политички, национални, јазични и културно-просветни права. Во реализирањето на асимилаторската политика, првенствено вниманието било насочено кон просветата и отворањето на образовни институции.

За реализирање на оваа цел на образовен план, во првите години од своето владеење српските власти си поставиле повеќе задачи: да се создадат потребните материјални услови – згради и опрема за да се прифатат во нив што е можно поголем број деца, особено оние кои пред војните учеле во разни пропагандни училишта; во сите поголеми (со над 10 и повеќе илјади жители) и помалите погранични градови спрема Бугарија и Албанија, да се отворат средни училишта – реални гимназии, да се создаде кадар што ќе може да ги покрие поголем дел од просветните институции што пред војната им припаѓале на други пропаганди, отворање на т.н. народни школи и курсеви за масовно описменување на возрасните и друго.[1] Во спроведувањето на оваа политика власта се соочила со сериозни проблеми.

Исцрпена од долгогишните воени дејствија на нејзина територија, заостаната аграрна земја, гладот, сиромаштијата, нискиот животен стандард, голема неписменсот,

[1] Иван Катарџиев. (1983). Време на зреење. Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919-1930). Скопје, стр. 85-86.

околу 80%, Вардарска Македонија заостанувала речиси во секој поглед од другите делови на Кралството.

За полесно спроведување на просветната политика, биле формирани просветни области и училишни околии. Со одлуката на министерот за просвета Милош Трифуновиќ, на 14 мај 1920 год. народните училишта во Србија и Црна Гора биле поделени на 9 просветни области. Две просветни области од тие области Вардарската и Битолската се наоѓале во Вардарска Македонија.[2] Најголемиот дел од територијата на Македонија бил организиран во Вардарската просветна област, составена од пет училишни области (Скопска, Кумановска, Брегалничка, Тиквешка и Тетовска), кои се делеле на училишни околии.[3]Додека во Битолската ја сочинувале Битолскиот и Охрдидскиот округ. Ваквата административно-територијална поделба постојано од година во година претрпувала измени и постојано контролирана од училишните инспекции.

На територијата на Србија а со тоа и во Вардарска Македонија се работело според Законот за народни училишта од 1904 год, кој бил изменет и дополнет со Законот од 23 јули 1919 год. кој функционирал се до донесувањето на Законот за народни училишта на 5 декември 1929 год. со измени и дополнувања од 7 јули 1930 год., Законот за граѓански школи (на ранг на непотполни средни школи) од 5 .12.1931 год. итн.[4]

Сепак воспоставувањето на просветните закони и организирањето на школството се одвивало со многу тешкотии кои главно произлегувале од немањето на училишта, без инвентар, особено недостасувал учителски кадар и сместување за него. Според Законот за основно образование за училишните општини биле задолжени за изградба и одржување на училиштата.[5] Нискиот буџет со кој располагале општините не бил доволен за изградба на училишни згради. Но имало и населени места кои успеле

[2] Зборник закона и важнијих расписа и одлука и наредба одељења за основну наставу и народно просвећивање Министарства просвете 1918/199 и 1919/20 школској години, Београд, 1921, књ. I, стр. 307-308

[3] Vladan Jovanović. (2002). Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929: Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS. Beograd, str.134.

[4] Radoje L. Knežević. (1939). Sistem školstva u Jugoslaiji. Pedagoška Jugoslavija 1918-1938. Pedagoška biblioteka, Beograd, sv. 9, str. 310-323

[5] Марија Јовановиќ. (1983). Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија: 1918-1929. Скопје, стр 100-110.

да изградат училишни згради но немале учители. На пр. општината Свети Николе во 1927 година изградила училишна зграда но во текот на 1931 год. се пожалила дека и недостигаат учители за децата да можат да го завршат школувањето.[6]

Во еден извештај на командатот н Брегалничката дивизиска област се вели: „Иако има многу деца, ниедно основно училиште не работи, бидејќи нема учители; гимназијата (штипска) има само пет наставника, а исто така има многу гимназијални ученици.“[7]

### Основни школи

Во Кралството на СХС најголемиот број образовни институции биле основните училишта. Во учебната година 1918/19 биле 5610, а во учебната 1928/29 год. тој број пораснал на 7712. Споредбено, во Вардаска Македонија од пронајдените податоци во првата година биле 455 училишта, за да во учебната 1928/29 год. бројот на училишта се зголемил на 710.[8] Наставата се одвивала на службениот српско-хрватски јазик[9], само во мал број училишта наставата се изведувала на турски јазик. Во многу населени места, особено селата, немало отворени основни училишта со што децата од училишна возраст не биле опфатени од образовниот процес, иако властите прокламирале задолжително основно образование. Сѐ до почетокот на Втората светска војна основното образование во Вардарска Македонија останало на задолжителни 4 години, за разлика од поразвиените подрачја (Хрватска, Словенија и Војводина) каде било воведено задолжително осумгодишно основно образование.

### Гимназии

Од средните училишта во државата најдоминантни биле гимназиите. Гимназијата како установа која давала национално образование, го изградувала моралот и карактерот, учела на дисциплина, формирала свест за социјалните и граѓански должности, всушност ги воспитувала учениците за идните интелектуални и државни чиновници, во нив се школувала елитата на општеството. Во периодот 1918-

[6] ДАРМ, 1.1038.4.4/1-2

[7] Архив војно историског института, кутија 56, фас. 2, Командата на Брегалничката дивизиска област, пов.Ђ Бр. 1693, од 26 јануари 1919 год. -Штип, до командантот на III армиска област.

[8] М.Јовановиќ, Просветно-политичките прилики .... стр. 191

[9] Во документацијата како службен јазик се среќава и српски, државен јазик, службен јазик итн.

1919 работеле 9 гимназии од кои 2 потполни и 7 нетпополни.[10] Во наредните учебни години постојано се менувал бројот на гимназии. Гимназиите во Штип, Струмица и Тетово станале потполни и основани нови неполни гимназии. Најголем број гимнзии 15, бил достигнат во учебната 1925/26 год. по што настанал период на стагнација. Како најглавна причина да не се отвараат нови гимназии се наведувало немањето на доволно квалификуван наставен кадар, хонорарниот работен однос, но и стравот на власта од создавањето на бројна македонска интелегенција, па одела и кон намалување на гимназии во следниот период. Може да се каже дека и бројот на наставници и бројот на ученици во овие учебни години постојано варирал. Кај учениците како причина за напуштањето на гимназиите се наведувале, материјалната положба на родителите, строгото оценување и казнување, болестите и др.  Ваквата политика власта ја регулирала со донесување на новиот закон за средни училишта во 1929 год. Оваа година потполните гимназии во Штип, Велес, Куманово, Охрид биле претворени во непотполни, а гимназиите во Кавадарци, Струмица, Ресен и Кичево како и учителската школа во Прилеп биле укинати.[11]

**Стручни училишта**

Како дел од образовниот процес важна улога имале и стручните училишта кои ја делеле судбината како основните и гимназиите. По завршувањето на Првата светска војна во Вардарска Македонија на почеток работела само учителската школа во Скопје, а во 1923 година била отворена уште една во Прилеп која функционирала до 1929 год. И покрај големата потреба од учителски кадар, власта не овозможувала да се создаде учителска интелигенција од редот на Македонците. Во двете школи, во Скопје и Прилеп се школувале 40 % ученици од Вардарска Македонија, додека другите 60% ги пополнувале ученици од другите краишта на Кралството. Тоа било во склад со денационализаторската политика. Учениците од другите краишта требало да делуваат

---

[10] За тогашната терминологија на гимназиско образование важеле сосема други правила кои многу се разликуваат од она што денес значи гимназија. Имено во тој период, па и извесно време по Втората светска војна под зборот гимназија се подразбирало образование од 8 години, кое започнува по завршувањето на основното образование од 4 учебни години. Па оттаму во литературата се среќаваме со терминот полу гимназија, прогимназија, нижа гимназија, 4-тири класна гимназија, неполна гимназија која во таква форма денеска воопшто не постои. Тогаш со терминот полна гимназија, реална, осмокласна, или виша гимназија се означува постоење на 4 класа ниже плус 4 класа више гимназиско образование.

[11] Ристо Кантарџиев. (2000). Историја на образованието и просветата во Македонија, Скопје, стр. 453-454; Драгомир С. Обрадовић. (1925). Просветне прилике у Јужној Србији. Наша земља: Скопље и Јужна Србија. Београд, стр. 935.

на македонската младина, на нејзино превоспитување во српски националистички дух. И во поглед на наставниот кадар имало потреба од стручни наставници. Со новиот закон од 1929 год. за наставници во учителските школи можеле да бидат само професори. До донесувањето на законот за наставниот кадар во овие школи не се барало факултетско образование. Наставата се изведувала со многу недостатоци, без нагледни средства, училниците оптоварени со поголем број на ученици од предвидениот и сл.

Во креирањето на образовни институции посебно место власта имала кон отварањето на стручни школи. Биле донесени посебни одредби со кои требало да се регулира кој можел да биде трговец или занетчија, се барале одредени квалификации. За таа цел во 1918 год. биле обновени двете трговски училишта во Скопје и Битола, кои биле отворени уште во 1913 год. Наставата траела две години и во нив можеле да се запишат ученици со завршен IV клас гимназија.[12] Овие училишта прераснале во академии во Скопје во учебната 1925/26 год. и во Битола во 1928 год.[13] Покрај државните биле отворени и приватни трговски училишта со курсеви.

За потребите на занаетчиството во периодот од 1919 год. до 1929 год. биле отворени голем број занетчиски школи кои без престанок работеле како во Битола, Скопје, Штип, Велес, Куманово, Охрид, Прилеп, Ресен, Тетово, Гостивар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Дебар и Крушево. Имало и во други градови но тие работеле со прекини.

Спрема Законот за женски занаетчиски школи од 1922 год.[14] овие школи можеле да бидат државни, полудржавни (основани од Министерството за трговија и индустрија и женски здруженија, во Вардарска Македонија најактивни биле „Коло српских сестара“ и „Кнегиња Зорка“) и приватни. Во некои градови вакви женски работнички школи биле формирани и порано. Со отварањето на овие школи се создале можности за жените да се стекнат со стручно образование преку практична работа, рачно и машинско шиење, везење, ткаење, ќилимарство но и теортски дел со задолжителни општообразовни предмети (српско-хрватски јазик, историја, географија и др.). Наставата во нижите женски занаетчиски школи траела три години, а во

[12] Драгомир С. Обрадовић, Просветне прилике... стр. 131-132.
[13] А.Ј. 65-1718-2800-1928.
[14] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца. „Закон о женским занатским школама бр.105 од 15.05.1922.

продолжените две. На крајот од годината се полагал испит. Во нижата школа можеле да се запишат девојки со навршени 12 години, а во продолжените школи со завршено нижо занаетчиско школо.[15] Отворени домаќински школи имало во Куманово, Штип, Кратово, Крива Паланка, Струмица и Св.Николе. каде се обучени околу 800 домаќинки.

Во најлоша состојба во првите години било стручното земјоделско образование. Многу малку средствата се инвестирале и поради тоа во Вардарска Македонија имало само 2 нижи земјоделски училишта во Битола и Тетово. Наставата во овие училишта била бесплатна, главно учениците доаѓале од село. За да ги исполнат условите да добијат стипендија требло да исполнуваат и одредени услови: да се на возраст од 14 до 18 години со завршено основно образование, да бидат здрави и телесно добро развиени, родителите да имаат најмалку 5 хектари земја. Додека приватните морале да плаќаат одредена сума и исто да ги исполнуваат условите. Овие критериуми во голема мера го ограничувале бројот на запишани ученици. Така на пример во нижото земјоделско школо во Тетово, просечно годишно ова училите го завршувале 30 ученици. Ако се има предвид дека најголемиот дел од населението во Вардарска Македонија се занимавало со земјоделство, може да се заклучи дека власта многу малку се грижела за оспособување на македонскиот селанец за поквалтетна обработка на земјата. Дури во крајот на дваесетите години, во учебната 1927/28 год се отварале граѓански училишта со практична работа како индустриски, земјоделски и трговски. Овие училишта многу ретко се споменувале во тогашните дискусии за образованието, зошто учениците во нив биле подготвувани за занает.[16] и не биле третирани како дел од образовниот процес.

**Граѓански школи**

Граѓанските школи посебно на територијата на Вардарска Македонија се основаат по годините на војната иако во некои делови имало и претходно како на пр. граѓанска школа имало во Тетово и во некои др. места, но подоцна престанале да работат, најверојатно поради немањето потребни услови за нивото опстојување. Граѓанските училишта биле стручни и требало да го пренесат практично образование, соодветно на економските потреби на регионот. Сепак овие училишта не уживале

[15] В. „Брегалница", година III, 1 февруари 1929 год., бр. 2, стр.1-3
[16] АЈ, ф. 38, 64/169. Статистички список на образовните институции во Вардарска Бановина 1.6.1930.

углед меѓу населението. Проблемот бил што родителите сметале дека образованието требало да им обезбеди социјално напредување на нивните деца а, не да ја работат иста работа како нив (занаетчиство, трговија, земјоделство). За малата популарност на овие училишта говорат и податоците дека во 1938 год. во Вардарска Бановина имало 10.150 гимназијалци а само 797 ученици во граѓанските училишта.[17] Гимназиите иако нуделе и задоволувале повеќе потреби, сепак по својата намена и цел, претставувале школи кои учениците ги подготвувале за повисок степен на образование и оттука за давање на чиновнички звања. Но трнувајќи од тоа дека сите не можат да бидат чиновници, потребни биле и школи кои ќе го издигнуваат просветното ниво кај широките народни маси заради подобар животен стандард. На територијата на Вардарска Македонија биле отворени 13 граѓански школи, кои по типот биле индустриски, земјоделски или трговски. Со нивното отварање започнало во учебната 1927/28 год. Тогаш е отворена граѓанска школа во Кочани. Следната учебна 1928/29 биле отворени во Берово, Кратово, Крива Паланка и Св. Николе. Следната 1929/30 во Струмица, Кавадарци, 1931/32 во Ресен, 1932/33 во Дебар, 1933/34 во Гостивар, 1934/35 во Радовиш,. Во учебната 32/33 била укината во Крива Паланка а следната и во Св. Николе.

За здобивање со специјализирана стучност постоеле и посебни училишта, а кои работеле само во некои градови. Такви биле: Уметничко-дрворезачките училишта во Охрид и Дебар[18], Килимарските училишта во Штип, Битола и Берово[19], Ѕидарско-каменорезачките училишта во Куманово, Струга, Кичево, Скопје, Штип и Велес[20], Железничарско-занаетчиското во Скопје[21].

**Филозофски факултет**

Највисока образовна институција бил Филозофскиот факултет во Скопје[22]. Факултетот почнал со работа на 15 декември 1920 година како огранок на Белградскиот универзитет. [23] и имал само историско-филолошки оддел. Бројот на студентите од година во година растел, а се зголемувал и бројот на факултетските наставници. Сепак кај Македонците постоел мал интерес за студирање на овој

[17] Статистички годишњак 1938/39, стр. 362-363.
[18] А.Ј. 65-1743-2832.
[19] А.Ј. 65-1744-2836
[20] А.Ј. 65-1749-2839
[21] А.Ј. 65-1752-2848
[22] Бил основан со кралски указ од 2 февруари 1920 год. Службене новине, бр. 27 од 7 децембра 1920.
[23] Ристо Кантарџиев. (2000). Историја на образованието...., стр. 453-454).

факултет, во кој наставата се изведувала во српско-националистички дух и се подготвувал просветен кадар, кој по завршувањето требал да ја спроведува таквата политика. Поради намалениот број на запишани студенти во учебната 1926/27 год . биле преземени чекори за негово укинување, меѓутоа поради бројните реакции, овој факултет продолжил да работи и во наредните години и покрај тоа што за својата егзистенција добивал многу малку средства.

На крајот може да се заклучи дека и покрај организираниот образовен систем за намалување на неписменоста во Вардарска Македонија, властите имале посебен пристап во овој дел од Кралството. Иако просветата била главната нишка во спроведувањето на асимилаторска и денационализаторска политика сепак далеку помал бил бројот на школи од останатите делови во државата, голем дел од основаните училишта немале континуитет на подолг период во работењето, а биле издвојувани и значително помали финансиски средства за нивно опстојување. Краткото опстојување или менување на статусот на училиштата бил поради честото менување или дополнување на законската регулатива или пак политичките интереси на власта. Сепак и во такви услови, забележан е успех во намалувањето на процентот на неписменост, се создале образовани стручни кадри и секако јакнела македонската интелигенција и македонската национална свест

**Литература**

Катарџиев, И. (1983). Време на зреење. Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919-1930). Скопје.

Jovanović, V. (2002). Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929: Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS. Beograd.

Knežević L. R. (1939). Sistem školstva u Jugoslaiji. Pedagoška Jugoslavija 1918-1938. Pedagoška biblioteka, Beograd.

Јовановиќ, М. (1983). Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија: 1918-1929. Скопје.

Кантарџиев, Р. (2000). Историја на образованието и просветата во Македонија, Скопје

Обрадовић, С. Д. (1925). Просветне прилике у Јужној Србији. Наша земља: Скопље и Јужна Србија. Београд.